39

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Примено / E pranuar: 03-02-2021
Орг. единица / Njësia org.
19 - 23/1

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение Центар за интеркултурен дијалог**
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Борба против говорот на омраза и криминалот од омраза**
(Име на проектот)

Куманово, 29. 01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-61/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение Центар за интеркултурен дијалог Куманово |
| Наслов на проектот | Борба против говорот на омраза и криминалот од омраза |
| Период на спроведување на проектот | од 20.06.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Нами Исаки |
| Проектен менаџер | Андријана Ташевска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 071 390 186, nami@cid.mk |
| Цел на проектот | Создавање на одговорно општество каде луѓето активно го осудуваат говорот на омраза и криминалот од омраза во која било форма и промовираат вредности на човековите права, толеранција и прифаќање меѓу различни групи. |
| Целна група | ЦИД работи со млади луѓе и граѓани од различни религиозни, етнички, национални групи кои во исто време се творци и корисници на нашите активности. Специфични активности се наменети за младински работници, наставници, возрасни ученици, како и сите засегнати страни вклучени во дијалогот меѓу заедниците и одржливиот развој на заедницата на локално ниво: организациите на граѓанското општество, училиштата, локалните власти, телата за застапување и мрежите. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално ниво |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 605.385денари |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 605.385денари |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

На 21.09.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше обука на тема „Говор на омраза и медиуми" во хотел Кратис, Кратово. Учество на обуката земаа 12 млади луѓе. Учесниците се запознаа со концепотот говор на омраза, споделуваа своја реалност и градеа компетенции за справување со говорот на омраза преку различни онлајн и офлајн алатки.

На 14.10.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше онлајн обука на тема „Справување со говорот на омраза и развој на спротивставени иницијативи". Учество на обуката земаа 13 учесници. Секој од учесниците имаа можност да се запознаат подлабоко со темата говор на омраза, криминал од омраза, слобода на говор и различни механизми превенција и реакција. Учесниците научија како да развијат спротивставени иницијативи и како да се справат со говорот на омраза во нивниот секојдневен живот.

Помеѓу 22.09.2020 – 28.10.2020 Центар за интеркултурен дијалог имаше отворено конкурс за уметнички творби на тема "Во какво мултиетничко општество живееме?". По истекот на рокот добиените есеи и цртежи беа објавени на Фејсбук страната на младинскиот центар MultiКулти, со овозможено гласање преку притискање на опцијата "like" за секоја уметничка творба. По истекот на рокот за гласање на 08.11.2020 година гласовите беа пребројани, и

победниците објавени на истата Фејсбук страна. Победниците беа симболично наградени со награди од Центар за интеркултурен дијалог.

На 30.10.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше онлајн обука со младински работници кои работат во младински центри за спречување на корени на омраза. На обуката учество земаа 9 учесници. Учесниците се запознаа со концептот говор на омраза, криминалот од омраза, различни механизми за превенција и реакција, особено во секојдневните активности во младинските центри како меѓусебен предизвик при работа со млади луѓе.

На 11.11.2020 Центар за интекултурен дијалог доби одобрување од Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за пренамена на средства во рамките на буџетот на проектот и потпиша Анекс кон договорот за обезбедување финансиска поддршка бр.39-61/3. Согласно потпишаниот анекс кон договорот Центар за интеркултурен дијалог доби одобрување преостанатите активности од проектот да ги реализира онлајн настани поради влошување на состојбата со Коронавирусот COVID-19 во Република Северна Македонија и избегнување на групирање на повеќе лица на едно место. Средствата наменети за овие активности беа пренаменети за онлајн алатки, исплаќање на хонорар за тренери како и лаптопи за организацијата.

5-тата активност од проектот - ИдеаЛаб за развој на методи и пристапи во образованието за спречување и справување со омразата беше организиран во 2 етапи – како онлајн и офлајн настан. Центар за интеркултурен дијалог го организираше своето годишно Генерално Собрание на 09.12.2020 година во Кружната сала на Комитет - Куманово. По завршувањето на предвидената агенда од Собранието, ја имплементиравме првата етапа од ИдеаЛаб-от со физичко присуство. На оваа активност беа присутни сите активни членови на Центар за интеркултурен дијалог. Се разговараше за веќе постоечки пристапи за справување со говор на омраза, како и нови пристапи и методи што можат да се користат при работа со млади луѓе. Втората етапа од ИдеаЛаб-от се организираше на 10.12.2020 година на ZOOM платформата. На оваа активност учествуваа претставници од различни организации, едукатори и обучувачи кои работат на темата.

На 2-ри, 4-ти, 9-ти и 11-ти декември 2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше тренинг за борба против говор на омраза и спротивставување на наративите. Националниот тренинг се состоеше од три фази:

- Подготвителна онлајн фаза – Откако беа изберени учесниците и по потврда на нивното учество, истите беа додадени во затворената Фејсбук група креирана за тренингот каде што имаа можност да се запознаат меѓусебно.
- 4 – дневната обука беше успешно имплементирана и преку различни активности, симулации, дискусии, вежби учесниците имаа можност да го прошират своето знаење на темата говор на омраза и криминал од омраза.
- Последователната фаза беше организирана во вид на онлајн кампања, бидејќи ситуацијата со Коронавирусот COVID-19 не дозволуваше да се организираат активности со физичко присуство. Учесниците од тренингот креираа слики со креативна и едукативна содржина (постер/меме/cliparts) за препознавање и справување со говор на омраза, и исто така ги прераскажаа добро познатите бајки во поинакво светло обрнувајќи внимание на наративите, односно пораките кои ги праќаат.

По завршување на тренингот учесниците добија сертификати за успешно завршен тренинг.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
**Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати**

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активност 1: Обука за говор на омраза и медиуми | На 21.09.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше обука на тема "Говор на омраза и медиуми".<br>- Обуката започна со регистрација на учесници и поздравен говор на проектниот координатор. Следуваше претставување на фасилитаторите како и запознаваше на учесниците меѓусебе.<br>- Во наредната активност учесниците се запознаа со концептот на говор на | 21.09.2020 | - Учесниците се запознаа со концептот на говор на омраза;<br>- Учесниците научија да ги распознаваат елементите за идентификување на говор на омраза;<br>- Учесниците научија да распознаваат говор на омраза од клевета, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | омраза, кои се елементите за идентификување на говорот на омраза и како да се разликува говорот на омраза од слични концепти како што се клевета и навреда, преку интерактивна презентација и дискусија.<br>- Следуваше кафе-пауза и дополнително запознавање и вмпрежување помеѓу учесниците.<br>- Наредната сесија започна со „барометар на говор на омраза“ што им беше презентиран на учесниците со изјави што можат да се најдат во медиумите.<br>- Откако ги идентификуваа проблемите од претходните сесии, учесниците ги презентираа своите проблеми на пленарна седница. Сесијата продолжи со дискусија за превентивни мерки и релеватни пристапи за решавање на говор на омраза. Фасилитаторите презентираа онлајн и офлајн алатки.<br>- За крај следуваше кратка евалуација, и обуката беше евалуирана како корисна за секојдневниот професионален и приватен живот на учесниците. | | навреда или некои слични концепти;<br>- Учесниците научија нови пристапи што би биле релевантни за решавање на говорот на омраза во нивното работно опкружување како и превентивни мерки за борба против говорот на омраза;<br>- Учесниците се запознаа со различни алатки што веќе постојат во земјата за борба против говорот на омраза;<br>- Учесниците беа информирани каде можат да најдат различни едукативни материјали и ресурси што се достапни на Интернет и офлајн;<br>- На учесниците им беше подигната свеста за темите говор на омраза и криминал од омраза; |
| Активност 2: Обука со млади за справување со говорот на омраза и развој на спротивставени иницијативи | На 14.10.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше онлајн обука на тема „Справување со говорот на омраза и развој на спротивставени иницијативи“.<br>- Обуката започна со поздравен говор од страна на проектниот координатор и фасилитаторот на обуката<br>- Следеше запознавање на учесниците меѓусебе со споделување на основни информации за себе<br>- Обуката продолжи со презентација на концептот на говор на омраза, криминал од омраза, слобода на говор и човекови права<br>- Наредна активност беше презентација на различни механизми за превенција и реакција на говор на омраза<br>- Дискусијата продолжи со споделување на проблеми од секојдневието и развивање на спротивставени иницијативи | 14.10.2020 | - Секој од учесниците имаше можност да се запознаат подлабоко со темата говор на омраза, криминал од омраза, слобода на говор и различни механизми превенција и реакција;<br>- Учесниците научија како да развијат спротивставени иницијативи и како да се справат со говорот на омраза во нивниот секојдневен живот. |
| Активност 3: Конкурс за уметнички творби | Помеѓу 22.09.2020 - 28.10.2020 год. Центар за интеркултурен дијалог имаше отворено конкурс за уметнички творби на тема “Во какво мултиетничко општество живееме?“.<br>- Конкурсот беше споделен на официјалната веб страна на ЦИД, како и на официјалната Фејсбук страна на | 22.09.2020 – 28.10.2020 | - Младите беа мотивирани да творат на тема мултиетничко општество<br>- Преку уметничките творби младите ја подигнаа својата свест на тема говор на омраза |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | младинскиот центар MultiКулти. Исто така конкурсот беше споделен со мрежа на организации со коишто соработува ЦИД преку е-маил комуникација.<br>- Следуваше период на прибирање на уметничките творби кои пристигнуваа на е-маил адресата на ЦИД и проектниот координатор.<br>- По истекот на рокот уметничките творби беа објавени на Фејсбук страната на младинскиот центар MultiКулти, и гласањето беше отворено за сите.<br>- По истекот на рокот за гласање, гласовите беа соберени и беа изберени најдобрите уметнички творби.<br>- Најдобрите уметнички творби беа наградени со симболични награди од страна на ЦИД. | | и криминал од омраза поврзана на мултиетничка основа<br>- Проектот доби поголема видливост поради гласањето за уметничките творби |
| Активност 4: Обука со младински работници кои работат во младински центри за спречување на корени на омраза | На 30.10.2020 година Центар за интеркултурен дијалог организираше онлајн обука со младински работници кои работат во младински центри за спречување на корени на омраза.<br>- Настанот започна со поздравен говор од страна на проектниот координатор, фасилитаторот на обуката и запознавање на учесниците меѓусебе со споделување на основни информации за секој поединец.<br>- Запознавањето продолжи со активноста "брзо запознавање" која беше попрофесионално водена со поставување на лични прашања.<br>- Обуката продолжи со "барометар на говор на омраза", каде што на учесниците им беа презентирани неколку изјави што претставуваат некои ситуации во кои тие би можеле да се најдат кога работат со млади луѓе. Учесниците дадоа спектар на одговори и позиции кои беа анализирани и дискутирани.<br>- Претходната активност со поврза нова дискусија во која учесниците споделуваа реални проблеми од секојдневниот живот со кој се сретнуваат/ле.<br>- Дискусијата продолжи со истакнување на најрелевантни пристапи за справување со говор на омраза<br>- Фасилитаторот презентираше онлајн и офлајн алатки за работа<br>- За крајот следеше кратка евалуација на обуката. | 30.10.2020 | - Учесниците ја подигнаа својата свесност за темите говор на омраза и криминал од омраза, особено важна кај младинските работници и младинските лидери кои работат со млади;<br>- Учесниците ги надополнија своите знаења на темите говор на омраза и криминал од омраза<br>- Учесниците го надградија своето знаење за тоа како да се препознаат наративните говори за омраза;<br>- Учесниците разменија различни искуства во борбата против говор на омраза и криминал од омраза при работа со млади луѓе<br>- Учесниците истражија различни алатки и методи за спречување и борба против говорот на омраза; |
| Активност 5: ИдеаЛаб за развој на методи и пристапи во образованието за спречување и справување со омразата | - Центар за интеркултурен дијалог го организираше своето годишно Генерално Собрание на 09.12.2020 година во Кружната сала на Комитет - Куманово. По завршувањето на | 09.12.2020<br>10.12.2020 | - Учесниците на двете етапи од ИдеаЛаб-от се фокусираа на анализирање на различни аспекти на |